**РЕГРУТИРАЊЕ НА СТУДЕНТИ-ВОЛОНТЕРИ**

Водени под мотото: **„Со волонтирање создаваме подобро општество“**,Економскиот факултет-Скопје, Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје преку Центарот за кариера регрутира (на редовна основа или на конкурс) студенти-волонтери кои би биле ангажирани во рамки на активностите на Факултетот.

Работејќи во насока на поставување и реализирање на веќе поставената цел: „Од студентите за студентите - од Факултетот за Факултетот“, Центарот за кариера регрутира студенти - волонтери од нашиот Факултет, следејќи ги токму европските иницијативи за создавање подобро општество, во кое студентите можат да направат разлика, со тоа што ќе се активираат на својата високо-образовна институција.

Предуслов за поднесување апликација е студентите да се студенти на Економскиот факултет-Скопје, УКИМ (запишани на прв или втор циклус на студии).

Потребни документи за пријавување:

1. Уверение/потврда за студент (со наведена година на студии) или Копија од првите две страни на индексот (со што се потврдува идентитетот и статусот на студент) и последните две страни (со што се потврдува кој семестар е запишан)
2. Куса биографија (CV)
3. Препорака од еден предметен професор
4. Кус есеј (не повеќе од 100-150 збора) на тема: „Јас можам да направам разлика...ЌЕ ВОЛОНТИРАМ!”

Целосната документација заинтересиранит студенти можат да ја достават во Архивата на Факултетот или во Центарот за кариера, а за дополнителни информации можете да се обратат на следниов контакт:
ck@eccf.ukim.edu.mk

**Додадете им вредност на своите студии-пријавете се!**

ВЕ ОЧЕКУВАМЕ!

Со почит,

Ваш Центар за кариера